*Albothyl® /Алботил®, вагитории*
*policresulen 90mg*

**УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА: ИНФОРМАЦИИ НАМЕНЕТИ ЗА КОРИСНИКОТ**

**ALBOTHYL / АЛБОТИЛ - вагитории**
поликрезулен

**Пред да започнете со земање на лекот, внимателно прочитајте го упатството за употреба:**

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.

**Ова упатство содржи:**

1. Што е АЛБОТИЛ и за што се употребува
2. Што мора да знааете, пред да го употребите АЛБОТИЛ
3. Како да го употребувате АЛБОТИЛ
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на АЛБОТИЛ

**Активни состојки** се поликрезулен 90mg
**Ексципиенси**: макрогол 1500 и 4000, едетична киселина, вода.

АЛБОТИЛ вагиториите се на располагање во пакување од 6 вагитории.

**Носител на одобрение за ставање во промет:**
МАКЕДОНИЈАЛЕК ДООЕЛ, ул.Боца Иванова бб, 1000 Скопје
**Производител:**
Takeda GmbH, Byk-Gulden-Strabe 2, Konstanz, Германија
**Начин на издавање:**
Лекот се издава со лекарски рецепт (Р).

## 1. ШТО Е АЛБОТИЛ ® И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

АЛБОТИЛ вагитории се антибактериски агенс за употреба во вагина (гинеколошки антисептик)
АЛБОТИЛ вагитории се употребуваат за третман на бактериски воспаленија на вагината.

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО УПОТРЕБИТЕ АЛБОТИЛ ВАГИТОРИИ

**Немојте да употребувате АЛБОТИЛ вагитории ако:**

- Сте преосетливи кон поликрезулен или на другите составни компоненти на вагиториите

**Бидете посебно внимателни со АЛБОТИЛ вагитории, ако:**
Сексуалните односи мора да се избегнуваат за времетраење на третманот со АЛБОТИЛ вагитории и во последователните 10 дена.
Миењето со сапуни кои ја иницираат иритацијата мора да се избегнуваат за време на третманот.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

АЛБОТИЛ вагитории не се ефикасни против HIV инфекции или венеричните заболувања како гонореја или сифилис.
АЛБОТИЛ вагитории не би требало да се употребуваат за време на менструација.
Како знак на терапевски ефект можно е исфрлање на изумреното ткиво од вагината, понекогаш и во поголеми количини. Поради оваа причина потребно е да се носат хигиенски влошки кои треба редовно да се менуваат кога ќе се наполнат за да се спречи ткивните резидуи да причинат некаква иритација на надворешните гениталии.

Доколку АЛБОТИЛ вагиториите се проголтаа по грешка, веднаш мора да се испие голема количина на вода, при што мора да се јавите на лекар и да бидете истретиран со што би се спречила појавата на ерозии на устата , грлото и езофагусот.

Доколу дојде до контакт на очите со АЛБОТИЛ вагитории, очите треба да се исплакнат со вода. Може ке биде потребно да се консултирате во офталмолог.

Текстилот и кожата треба да исчистат со вода веднаш по доаѓање во допир во АЛБОТИЛ вагитории пред да почне супстанцијата да се суши.

Деца и возрасни
АЛБОТИЛ вагиториите не се идицирани за употреба кај деца и адолесценти под 18 години или кај жени во постменопауза, бидејќи до сега нема информации за оваа група на пациенти.

**Употреба на други лекови**
*Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.*
За време на третманот со АЛБОТИЛ вагитории би требало да се избегнува употребата на други медицински продукти бидејќи интеракциите не можат да се исклучат.

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*
За време на бременост и доење АЛБОТИЛ вагитории може да се употребуваат само да се употребуваат само онаму каде се стрикно индицирани, по должната проценка на ризикот врз мајката и детето. Не се достапни никакви студии за ризикот поврзан со употреба за време на бременост кај луѓето.
Студиите на животни не покажале податоци на трансформации.

Не е познато дали активната супстанција проаѓа во млекото.

**Влијание врз способноста за возење или ракување со машини**
Не се познати ефекти врз способноста за возење, употреба на машини или работа без соодветна заштита.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВААТ АЛБОТИЛ ВАГИТОРИИ
*Строго придржувајте се кон инструкциите наведено во упатствово за употреба. За било какви информации консултирајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

**Ако не е поинаку пропишано од Вашиот лекар**, вообичаената доза е 1 вагиторија ( соодветствува на 90mg поликрезулен) дневно.

**Начин на употреба:**
Се употребува во вагина.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

Внесете ја вагиторијата длабоко во вагината, препорачливо во лежечка положба. За да се спречи предвремено исфрлање на вагиторијата потребно е да се стави навечер пред спиење. За да се олесни ставањето може пред употреба накратко да се потопи во вода.

Употребата на хигиенски влошки ќе спречи валкање на облеката или постелнината.

**Колку долго треба да се употребуваат АЛБОТИЛ вагитории**
АЛБОТИЛ вагитории би требало да се употребуваат се до исчезнување на симптомите, но не повеќе од 9 дена. Консултирајте се со Вашиот лекар ако симптомите не се повлечат по овој период.
Нема податоци за стапката на рецидиви по прекинот на третманот со АЛБОТИЛ вагитории.

*Ако имате впечаток дека ефектот на АЛБОТИЛ вагитории е премногу силен или премногу слаб, посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

**Ако сте употребиле повеќе АЛБОТИЛ вагитории од што е потребно**
Појави (симптоми) на предозирање не се познати.

**Ако сте заборавиле да употребите АЛБОТИЛ вагитории**
Не употребувајте двојно повеќе следниот пат, туку продолжете со тртманот во специфичните интервали.

Ако прекинете да употребувате АЛБОТИЛ вагитории
Ако сакате да прекинете со третманот, Ве молиме да го известите вашиот лекар.

Ако третманот со АЛБОТИЛ вагитории е прекинат, воспалението може да се повтори и можна е потреба од понатамошен или алтернативен третман.

*Доколку имате повеќе прашања за употребата на АЛБОТИЛ вагитории, прашајте го Вашиот лекар или фармацевт.*

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите лекови, АЛБОТИЛ вагитории може да има несакани дејства.*

Одредувањето на несаканите дејства е базирано на следните зачестености:

| | |
|---|---|
| **Многу чести:** повеќе од 1 на 10 третирани пациенти. | **Вообичаени:** помалку од 1 на 10, но повеќе од 1 на 100 третирани пациенти |
| **Невообичаени:** помалку од 1 на 100, но повеќе од 1 на 1000 третирани пациенти. | **Ретки**: помалку од 1 на 1000, но повеќе од 1 на третирани 10 000 пациенти. |
| **Многу ретки**: помалку од 1 на 10 000 третирани пациенти, вклучувајќи изолирани случаи | **Непознати:** честотата не може да се процени од достапните податоци. |

Нарушувања на имуниот систем
*Непознати:* осип со оток (уртикарија), алергиски реакции кои го зафаќаат целото тело (т.е. болно отекување на кожата и поткожното ткиво, чешање) се до анафилакса.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

Репродуктивен систем

*Многу чести:* сувост на вагина.
*Непознати:* габична (Candida) инфекција на вагината, чешање на надворешните гениталии, непријатност и чуство на печење и чуство на туѓо тело присутно во вагината.

<u>Нарушување на кожа и поткожното ткиво</u>
*Непознати:* нестле осип (уртикарија).
***Забелешка***
Во случај на појава на силни локални иритации од употребата на АЛБОТИЛ вагитории, третманот треба да се прекине и да се вкучи алтернативна антибактериска терапија.

*Ако приметите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.*

## 5. ЧУВАЊЕ НА АЛБОТИЛ ВАГИТОРИИ

*Лекот чувајте го на места недостапни за деца.*

АЛБОТИЛ вагитории не смее да се употребуваат по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на кутијата. Датумот на истек на рокот се однесува на последниот ден во наведениот месец.

Да се чува на температура до 25°C.

Забелешка
Појавата на дамки на вагиториите е резултат на природната појава на базата на вагиториите и не влијае врз употребливоста, ефикасноста и толеранцијата.

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
Јуни 2011

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет**
15-3783/12 од 25.07.2012 година